Уп. бр.08-114

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЕУРОМЕДИА ГРОУП, а.с. (EUROMEDIA GROUP, a.s.), со регистрирано седиште на адреса Надражни 762/32, Смичов, 150 00 Прага 5, Чешка, преку Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден 04.09.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ЕУРОМЕДИА ГРОУП, а.с. (EUROMEDIA GROUP, a.s.), со регистрирано седиште на адреса Надражни 762/32, Смичов, 150 00 Прага 5, Чешка, стекнува самостојна контрола над ПЕМИЦ БООКС а.с. (PEMIC BOOKS a.s.), со регистрирано седиште на адреса Сметаново намести 222/8, Моравска Острава, 702 00 Острава, Чешка, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 07.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ЕУРОМЕДИА ГРОУП, а.с. (EUROMEDIA GROUP, a.s.), со регистрирано седиште на адреса Надражни 762/32, Смичов, 150 00 Прага 5, Чешка, со која ЕУРОМЕДИА ГРОУП, а.с. Чешка, стекнува

самостојна контрола над ПЕМИЦ БООКС а.с. (PEMIC BOOKS a.s.), со регистрирано седиште на адреса Сметаново намести 222/8, Моравска Острава, 702 00 Острава, Чешка.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

ЕУРОМЕДИА ГРОУП, а.с. е една од најголемите компании која работи на пазарот на книги на Чешката Република. ЕУРОМЕДИА ГРОУП, а.с. припаѓа на ЈХ Групацијата, базирана во Чешка. Основен дел од ЈХ Групацијата е Рокавеј Групацијата. Деловните активности на Рокавеј Групацијата примарно опфаќаат електронска трговија, онлајн туристички агенции, финансиски технологии, објавување на книги и други медиуми, ризичен капитал и инвестиции во развој на недвижности.

ЈХ Групацијата во Северна Македонија е присутна преку Џирафа Групацијата (Gjirafa Group), над која остварува заедничка контрола. Џирафа Групацијата работи со алатка за пребарување на албански јазик, платформа за видеа/вести, онлајн маркетнг платформа и платформа за електронска трговија фокусирана на Албанија, Косово и Северна Македонија.

Во Северна Македонија, Џирафа Групацијата има едно зависно друштво и тоа Друштво за електронска трговија и услуги ЏИРАФА ДООЕЛ Скопје, кое е активно во областа на онлајн малопродажба односно трговија на мало преку пошта и интернет.

ПЕМИЦ БООКС а.с. е еден од водечките дистрибутери на книги во Чешка. Во врска со книгите и поврзаните производи, целното друштво е активно во следните области (i) издавачка куќа за книги; (ii) големопродажба на книги (вклучително е-книги и аудиокниги); (iii) големопродажба на производи кои се дел од асортиманотот на книжарниците кој не опфаќа книги; (iv) малопродажба на книги (во конвенционални продавници и онлајн); (v) логистика за транспорт и складирање. Во помал обем, целното друштво исто така е активно на пазарот на книги во Словачка.

Целното друштво нема зависни друштва во Северна Македонија, ниту е активно на пазарот на Северна Македонија на било каков начин.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата*

*вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**